**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ПИЈАНО НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902 - 135/4 од 16.12.2014 година, донесена на седница на Наставно - научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 16.12.2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно - научната уметничка област пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

- проф. д-р Татјана Џорлева, вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
- проф. д-р Милица Шкариќ, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член;
- проф. д-р Емилија Потевска, вонреден професор, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 3.12.2014 година и во предвидениот рок се пријавија:

- доц. м-р Ангеле Михајловски (доцент по пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти);
- д-р Невенка Трајкова (уметнички соработник).

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **доц. м-р Ангеле Михајловски** е роден на 15 октомври 1982 година во Охрид, Р. Македонија. Основно и средно музичко образование завршува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, во класата на проф. Јасминка Бикова - Стојанова. Дипломира пијано во класата на проф. м-р Стела Слејанска на Факултетот за музичка уметност во Скопје, со просечен успех 8,96. Во март 2010 година, магистрира пијано кај проф. Стела Слејанска на истиот факултет и се стекнува со научен назив - **магистер по пијано**, со просечен успех 9,20.

Од септември 2005 до јуни 2007 година, доц. м-р Ангеле Михајловски е вработен во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, како наставник по пијано со корепетиција. Неговиот професионален ангажман опфаќа настава по пијано во основните и во средните одделенија, и уметничка соработка на пијано во класите по труба, флејта и хорна. Со учениците од овие класи настапува на бројни концерти и натпревари во земјава и во странство, при што некои од учениците се здобиваат и со награди.

Од јуни 2007 година се вработува како асистент по пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност во Штип. Во овој период доц. м-р Ангеле Михајловски совесно и квалитетно ги извршува своите работни обврски и изготвува пет интерни скрипти од вежби за предметот Пијано 1, 2, 3, 4, 5, кој се слуша на Одделот за музичка теорија и педагогија. Во периодот од октомври 2007 до септември 2008 година држи вежби на Педагошкиот факултет по предметот Музички инструмент и помага во изведувањето на испитите по овој предмет и предметот Основи на музичко образование и воспитување со методика.

За квалитетно изведување на вежбите по предметот Музички инструмент, доц. м-р Ангеле Михајловски изготвува две наставни помагала во електронска форма (ЦД и ДВД), со цел на студентите да им се олесни совладувањето на содржините по овој предмет.

На 5 јуни 2010 година доц. м-р Ангеле Михајловски од страна на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија е избран за доцент за наставно-научната уметничка област пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти. Во изминатиот период доц. м-р Ангеле Михајловски совесно и стручно ја извршува својата професионална обврска како наставник за што доказ е и приложената потврда за позитивна евалуација при спроведената анонимна анкета помеѓу студентите на кои тој им предава. Во исто време, во периодот 2010 - 2015 година освен на Музичката академија, доц. м-р Ангеле Михајловски е ангажиран како наставник на Факултетот за образовни науки при УГД - Штип по предметот Музичко образование и воспитание со методика на студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитување. Во овој период издава една рецензирана скрипта и еден практикум за студентите од Факултетот за образовни науки, како и една рецензирана скрипта за студентите по пијано на Вокално - инструменталниот оддел на Музичката академија со наслов „Прсната техника - клучен фактор за пијанистичката интерпретација“. Покрај предавањата кои ги извршува, тој успешно ги подготвува своите студенти во организирањето и реализацијата на многубројни концерти во повеќе градови низ државата и тоа:

– јуни 2012 год. концертна турнеја на студентите од класата по пијано во градовите Кавадарци, Струмица, Велес и во Штип; -
  декември 2012 год. „Новогодишен концерт“ на студентите од класата по пијано во концертната сала на ФМУ - Штип;
  февруари 2013 год. концерт на студентите од класата по пијано во концертната сала на ФМУ - Штип;
– март 2013 год. концерт во рамките на проектот „Подиум на млади пијанисти“ (проект поддржан од Министерството за култура на Р. Македонија), насловен како „Вечер на Бетовен“ во Уметничката галерија „Безистен“ - Штип;
– март/април 2014 год. концертна турнеја на студентите од класата по пијано во рамките на проектот „Младите пијанисти на македонскиот подиум“ во градовите Кавадарци, Кочани и Штип (проект поддржан од Министерството за култура на Р. Македонија).

Во периодот јуни 2010 до декември 2014 година доц. м-р Ангеле Михајловски има учествувано на повеќе концерти како солист, но и како камерен изведувач.

Освен богатата концертна дејност, доц. м-р Ангеле Михајловски учествува на повеќе семинари и мастер - курсеви од областа на пијанизмот кај реномирани музички педагози. Учесник е и добитник на повеќе награди на државни и меѓународни натпревари, меѓу кои:

– Втора награда, Скопје, 2001 год.
– Трета награда Интерфест - Битола, 2002 год.
– Специјална награда на државен натпревар - Скопје, 2003 г. и други.

Доц. м-р Ангеле Михајловски во моментов е докторанд и активно работи на својот докторски труд по пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје - УКИМ, под менторство на проф. д-р Ана Гацева.

Концертите, трудовите и останатите активности со кои се вреднуваат поени на доц. м-р Ангеле Михајловски се детално наведени во делот за вреднување на поени.

Сите стручно-уметнички активности пред изборот во звање доцент на 5 јуни 2010 г. на кандидатот доц. м-р Ангеле Михајловски се наведени во рецензијата објавена на 17 мај 2010 г. во Универзитетскиот билтен бр. 40. Според нив до 5 јуни 2010 г. доц. м-р Ангеле Михајловски има реализирано 11 целовечерни концерти во земјава (11x3=33 поени), 16 заеднички концерти во земјава (16x2=32 поени) и е добитник на три награди за уметнички постигнувања (3x5=15 поени).

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Невенка Трајкова** е родена на 26 април 1984 година. Средно музичко училиште - оддел Класично пијано завршува во Средното музичко училиште „Сергеј Михајлов“. Дипломира пијано на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија со просек 9,27 (според еквиваленцијата направена од

Министерството за образование на Р. Македонија). На истата институција магистрира пијано во 2008 година со просек 9,00, а во 2013 година докторира корепетиција на тема „Комплементарната структура на корепетицијата. Улогата на клавирот во некои камерно-инструментални композиции од македонски композитори. Интерпретациски и ансамблови проблеми“ со просек 10.

По дипломирањето се вработува во Средното музичко училиште „Сергеј Михајлов“ како наставник по пијано, камерна музика и корепетиција. Од 2008 г. се вработува на Факултетот за музичка уметност во Штип како уметнички соработник (корепетитор) по пијано во класите на гудачките и дувачките инструменти. Како корепетитор е професионално ангажирана на натпревари во земјава и во странство: во Скопје, Охрид, Битола, Штип, Струга, Кавадарци, Бугарија, Косово, Грција и во Италија. Д-р Трајкова има изработено две интерни скрипти за наставата по пијано - читање прима виста и транспонирање и една рецензирана скрипта „Развивање на пијанистичката техника, слушни вештини и правилна интерпретација на избрани дела за пијано од македонски композитори“.

Д-р Трајкова била раководител на студенти и ученици во учество на државни и меѓународни натпревари, од кои 12 се добитници на државни награди, а 11 се добитници на меѓународни награди. Од 2011 до 2013 г. е претседател на Организациониот одбор на Арт фестивал „Езерски бисери“ во Струга. Во 2014 г. е уметнички директор на Првиот меѓународен натпревар „Дојрана“ во Дојран. Д-р Невенка Трајкова била член на три жири комисии на меѓународни натпревари и тоа на VII и VIII натпревар „Езерски бисери“ во Струга и натпреварот Своге во Р. Бугарија. Има учествувано на 10 музичко-образовни РТВ емисии во Македонија и тоа на ТВ Тера – Битола, ТВ Стар – Штип, ТВ Канал Вис – Струмица, ТВ Ирис – Штип, УГД ФМ, Радио Слободна Македонија и Радио Скопје.

Д-р Трајкова била активен учесник на семинари по пијано кај еминентните педагози: Марчела Крудели, Антон Диков, Тамара Подубнаја, Александар Блох, Елена Дикова, Катрин Викерс, Љубен Димитрво и Ангелика Генова. Носител е на стпиендија од СОРОС.

***Добитник е на наградите:***

- I награда на XL Државен натпревар во Скопје – камерна музика;
- III награда на XL Државен натпревар во Скопје – пијано (дуо);
- Награда за најдобар корепетитор на Фестивалот „Езерски бисери“;
- Награда за најистакнат уметнички соработник на Фестивалот „Дојрана“ 2014 г.

Д-р Трајкова има остварено голем број солистички и камерни концерти во земјава и во странство. Таа има учествувано со усна презентација на сопствени трудови на три симпозиуми/конференции и објавено 6 (шест) труда од областа на интерпретацијата на камерна музика и корепетиција во домашни и странски списанија.

Концертите, трудовите и останатите активности со кои се вреднуваат поени на д-р Невенка Трајкова се детално наведени во делот за вреднување на поени.

***Критериумите за избор во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:***

Кандидатите треба да имаат завршено високо образование од втор степен за наставно - уметничките области, како и да ги исполнуваат останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

– пријава - имаат и двајцата кандидати;
– диплома за завршено соодветно образование/за одбранет магистерски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени на нотар, странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оцените) - имаат и двајцата кандидати;
– кратка биографија (во 4 примероци) - имаат и двајцата кандидати;
– список на објавени научни и стручни трудови (член 127) - имаат и двајцата кандидати;

– по еден примерок од трудовите - имаат и двајцата кандидати;
– потврда дека се служат со еден од светските јазици - имаат и двајцата кандидати;
– препорака од најмалку 2 (двајца) професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот - за кандидатите за избор во доцент - има кандидатот кој конкурирал за избор во звање доцент (д-р Невенка Трајкова);
– препорака од претходниот работодавач (доколку кандидатот бил вработен) за кандидатите за избор во доцент;
– еден примерок од магистерскиот труд - имаат и двајцата кандидати;
– уверение за државјанство - имаат и двајцата кандидати.

Од двајцата пријавени кандидати, еден ги исполнува условите за бирање во звањето вонреден професор, поради што подолу се наведени критериумите кои се неопходни за избор во ова звање.

***Услови што треба да ги исполнуваат кандидатите за избор во звање вонреден професор според Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:***

1. Кандидатите треба да бидат избрани во звање доцент со завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности;
2. Кандидатите треба да имаат реализирано минимум шест целовечерни концерти;
3. Кандидатите треба да имаат придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници;
4. Кандидатите треба да покажат способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност;
5. Кандидатите треба да имаат преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветната единица на Универзитетот;
6. Кандидатите треба да имаат рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната област објавена во е - библиотеката;
7. Кандидатите треба да имаат остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.

**Доц. м-р Ангеле Михајловски**

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот (од репозиториум) | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ангеле Михајловски и Билјана Атанаскова Билјарска | Целовечерен концерт | Концерт со флејтистката Билјана Атанаскова - Биљарска во Уметничката галерија *Безистен* во Штип | 4.7.2011 г. |
| 2 | Ангеле Михајловски и Билјана Атанаскова Билјарска | Целовечерен концерт | Концерт на дуо флејта и пијано | 6.7.2011 г. |
| 3 | Ангеле Михајловски и Стојанче Наумовски | Целовечерен концерт | P. I. Tchaikovsky, Nocturne Op.19 No.4 for cello & piano. | 1.12.2014 г. |
| 4 | Ангеле Михајловски во рамките на музичкиот состав „Портал“ | Целовечерен концерт | Целовечерен концерт со музичкиот состав „Портал“ во предворјето на црквата „Св. Богородица“ во Скопје | 21.7.2014 г. |
| 5 | Ангеле Михајловски во рамките на музичкиот состав „Портал“ | Целовечерен концерт | Целовечерен концерт со музичкиот состав „Портал“ во Уметничката галерија Даут Пашин Амам во рамките на Фестивалот *Скопско лето 2011* | 7.7.2011 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Ангеле Михајловски<br>Марјан Јанкоски<br>Сашко Петрев<br>Стојанче Наумоски | Целовечерен концерт | Целовечерен концерт во Домот на култура „Јане Сандански“ во Пехчево во рамките на „Топол културен бран 2011“ | 26.8.2011 г. |

***Научноистражувачка дејност и стручно - уметнички активности и стручно - апликативна дејност и организациско - развојна дејност***

Од доставената документација, во периодот по изборот на доц. м-р Ангеле Михајловски во претходното звање доцент во јуни 2010 година до денес, тој има реализирано 10 целовечерни концерти и 16 настапи на групни концерти во признати домашни концертни сали и тоа:

- 4.7.2011 г., Концерт на дуо флејта и пијано *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
- 6.7.2011 г., Концерт со флејтистката Билјана Атанаскова - Биљарска во Уметничката галерија „Безистен“ во Штип. *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 7.7.2011 г., Целовечерен концерт со музичкиот состав „Портал“ во Уметничката галерија Даут Пашин Амам во рамките на Фестивалот „Скопско лето 2011“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 20.8.2011 г., Целовечерен концерт во уметничката галерија „Безистен“ во рамките на „Топол културен бран 2011“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 26.8.2011 г., Целовечерен концерт во Домот на култура „Јане Сандански“ во Пехчево во рамките на „Топол културен бран 2011“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 9.5.2013 г., Изведба на целовечерен солистички концерт *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 14.5.2013 г., Изведба на целовечерен солистички концерт *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 28.5.2013 г., Изведба на целовечерен солистички концерт *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 21.7.2014 г., Целовечерен концерт со музичкиот состав „Портал“ во преддворјето на црквата „Св. Богородица“ во Скопје *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 1.12.2014 г., P. I. Tchaikovsky, Nocturne Op.19 No.4 for cello & piano *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 13.8.2010 г., Настап на манифестацијата „Вечер на Живко Чинго“ во Охрид, 13.8.2010 година со музичкиот состав „Портал“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7);*
- 20.8.2010 г., Струшки вечери на поезијата 2010 г. со музичкиот состав „Портал“ на вечерта насловена „Ноќ без интерпункција“ („Night Without Punctuation“). *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр.7);*
- 18.12.2010 г., Концерт во рамките на свечената академија по повод чествувањето на патронот на Општина Штип - св. Никола *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7);*
- 25.12.2010 г., Настап на Хуманитарен концерт во НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип. *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9);*
- 15.8.2011 г., Настап во рамките на завршниот концерт од турнејата на УГД 2011 година *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8)*;
- 18.8.2012 г., „Македонски духовни конаци 2012“ - Струга *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)*;

- 18.10.2012 г., Edvard Grieg, Piano Concerto in a minor, 1st movement *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)*;
- 9.11.2012 г., Igor Stravinsky: Capriccio for Piano and Orchestra, I-st movement. *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)*;
- 24.8.2013 г., Изведба на целовечерен камерен концерт *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 5.4.2013 г., Potevska/Mihajlovski - Bela Bartok - Concert for piano and orchestra No. 3. *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)*;
- 30.10.2013 г., Изведба на целовечерен камерен концерт *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 30.12.2013 г., Edvard Grieg, Piano Concerto in a minor, 2nd movement *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)*;
- 21.5.2014 г., Гостување, промоција и музичка изведба на композиција „Васиљке ќиске босиљке“ (за камерен оркестар“) на Марјан Јанкоски на националната телевизија МТВ1 *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 13.7.2014 г., Песни на Вевчанската душа - гостување, промоција на нови музички дела и нивна музичка изведба на Националната телевизија МТВ1 *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)*;
- 15.10.2014 г., Настап на Хуманитарен концерт за д-р Евица Бојаџиева во Мултимедијал центар - Штип. *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 12. 12. 2013 г., Концерт во сеќавање на проф. Стела Слејанска - Стојаноска *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*.

Доц. м-р Ангеле Михајловски изложувал два труда на конференции и е автор и коавтор на три труда:

- Значењето од примената на прстната гимнастика во решавањето на техничките проблеми при пијанистичката интерпретација *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 6);*
- Wedding songs, dances and customs from Stip and surrounding *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7);*
- Проблемите во клавирската техника и нивната рефлексија врз развојот на младите пијанисти *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
- Music and literature - an ideal fusion for catharsis *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 6);*
- The function of education and the scientific and research and artistic activity in the creation of human capital and knowledge - based economy in R. Macedonia *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 6).*

Доц. м-р Ангеле Михајловски е ангажиран како член во повеќе комисии во рамките на Музичката академија при УГД - Штип:

- од септември 2007 г. до денес е одговорно лице за одржување и обновување на информациите на интернет страницата на Музичката академија *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 15);*
- член/претседател на Комисијата за доверба и односи со јавноста во состав на Музичката академија при УГД *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 28);*

- член на Уписната комисија за прием на документи и запишување на нови студенти на Музичката академија *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 28);*
- постојан член на Комисијата за проверка на знаење на приемните испити на Музичката академија *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 28);*
- член на Комисија за признавање на испити на Музичката академија при УГД - Штип;
- член на Комисијата за ментори на студентите од студиските програми од Вокално - инструменталниот оддел *(види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под ред. бр. 28);*
- член на Комисија за попис на Музичката академија *(види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под ред. бр. 28).*

Освен во рамките на Музичката академија, доц. м-р Ангеле Михајловски во изминатиов период бил ангажиран како член и на повеќе надворешни институциски комисии:

- јуни 2014 год., член на Жири-комисија за избор на најдобар сценски настап и за најдобар дебитант на Фестивалот на музика „Макфест 2014“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 19)*;
- јули 2014 год., член на Селекционата комисија за селекција на пристигнатите композиции по претходно распишан оглас за избор на композиции на Фестивалот за новосоздадени песни „Фолк - фест Валандово 2014“*(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 19)*;
- член на Комисијата за екстерно проверување на постигнувањата на учениците по предметот Музичко во учебната 2013/2014 и 2014/2015 година *(види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под ред. бр. 29).*

**Д-р Невенка Трајкова**

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот (од репозиториум) | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Невенка Трајкова | Целовечерен концерт | Солистички концерт на Невенка Трајкова, Штипско културно лето 2002 | 9.7.2002 г. |
| 2 | Невенка Трајкова | Целовечерен концерт | Солистички концерт на Невенка Трајкова, Штипско културно лето 2006 | 7.7.2006 г. |
| 3 | Невенка Трајкова и Златка Митева | Целовечерен концерт | Концерт дуо флејта и пијано, Златка Митева и Невенка Трајкова - Штипско културно лето 2010 | 4.7.2010 г. |
| 4 | Невенка Трајкова и Виктор Карапанџов | Целовечерен концерт | Концерт туба и пијано, Виктор Карапанџов и Невенка Трајкова - Кочани - град на културата 2012. | 13.7.2012 г. |
| 5 | Невенка Трајкова и Ване Аревски | Целовечерен концерт | Концерт „Музички хоризонти“ флејта и пијано Ване Аревски и Невенка Трајкова Штипско културно лето 2014 | 11.7.2014 г. |
| 6 | Невенка Трајкова и Тони Лазаров | Целовечерен концерт | Штипско културно лето 2008, Концерт на Невенка Трајкова - пијано и Тони Лазаров - хармоника | 30.7.2008 г. |

***Научноистражувачка дејност и стручно - уметнички активности и стручно - апликативна дејност и организациско - развојна дејност***

Д-р Трајкова има остварено голем број солистички и камерни концерти во земјава и во странство, и тоа:

– 9.7.2002 г., Солистички концерт на Невенка Трајкова, Штипско културно лето 2002 *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
– 10.9.2003 г., „Денови на камерната музика“ - Габрово, Р. Бугарија, Рецитал на Невенка Трајкова - пијано и Александрос Хараламбус - виолончело *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
– 16.10.2003 г., Дом на култура „Ацо Шопов“, Штип: Целовечерен камерен рецитал со Александрос Хараламбулос - виолончело и Невенка Трајкова - пијано *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
– 22.11.2003 г., Сала Гигантски кристали, Софија, Бугарија: Настап на групен концерт на студентите од сите балкански земји на покана на Националниот музеј „Земјата и луѓето“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно - уметнички активности под ред. бр. 7)*;
– 22.4.2004 г., Атина, Грција: Целовечерен камерен рецитал со Александрос Хараламбулос - виолончело и Невенка Трајкова – пијано *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности под ред. бр. 6);*
- 7.7.2006 г., *Солистички концерт на Невенка Трајкова, Штипско културно лето 2006 (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
– 8.9.2006 г., Сала „Димитар Ненов“, Софија, Бугарија: Целовечерен солистички рецитал *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности под ред. бр. 6);*
– 14.6.2007 г., Сала „Димитар Ненов“, Софија, Бугарија: Целовечерен камерен рецитал со Марија Ќосевска - виолина и Невенка Трајкова – пијано *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
– 22.5.2008 г., Безистен, Штип - Музичка младина на Македонија: целовечерен камерен концерт со Јован Докузов - хорна, Мустафа Алимановски - труба и Невенка Трајкова - пијано *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности под ред. бр. 6);*
– 29.5.2008 г., Дом на култура „Ацо Шопов“, Штип: Годишен концерт на „Сергеј Михајлов“ *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
– 30.7.2008 г., Штипско културно лето 2008, Концерт на Невенка Трајкова - пијано и Тони Лазаров - хармоника *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
– 10.10.2008 г., Сала „Димитар Ненов“, Софија, Бугарија: Целовечерен солистички рецитал *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности под ред. бр. 6);*
– 31.3.2009 г., Концертна сала, ФМУ Штип: Концерт со студентите од класата на проф. Кирил Рибарски *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
– 16.4.2009 г., Мултимедијален центар, Штип: Велигденски концерт и музичка работилница *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
– 24.6.2009 г., Годишен концерт на студентите од ФМУ при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип 2009 г., Настап на Невенка Трајкова со студенти од класата на проф. Кирил Рибарски *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
– 17.12.2009 г., Новогодишен концерт на студентите од ФМУ при УГД, Настап на Невенка Трајкова со студенти по флејта, тромбон и туба *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;

- 1.3.2010 г., ФМУ, Штип: Концерт на класата на проф. Рибарски *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 15.5.2010 г., Даут Пашин амам, Скопје: Настап на завршен концерт на наградени учесници на државен натпревар *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 16.6.2010 г., Годишен концерт на студенти од ФМУ при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип 2010 г., Настап на Невенка Трајкова со студент од класата на проф. Златка Митева *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 4.7.2010 г., Концерт дуо флејта и пијано, Златка Митева и Невенка Трајкова - Штипско културно лето 2010 *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
- 22.4.2010 г., Настап на XVIII меѓународен натпревар „Музиката и Земјата" во Софија, Р. Бугарија *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 23.12.2010 г., Дом на култура „Ацо Шопов" - Штип: настап на групен хуманитарен концерт со Златка Митева - флејта и Кирил Рибарски – тромбон *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8)*;
- 10.3.2011 г., ОМУ Р. Јуруков, Кочани: Концерт со студентите од класата по флејта на проф. Златка Митева *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 4.7.2011 г., Концерт на дуо флејта и пијано, Златка Митева - флејта, Невенка Трајкова - пијано, сала на ФМУ - Штип *(види табела Научно-истражувачка дејност и стручно- уметнички активности под ред. бр. 6);*
- 20.12.2011 г., Настап на Невенка Трајкова со проф. Кирил Рибарски на Новогодишен концерт на студенти и професори при ФМУ 2011 *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 4.3.2011 г., Настап на Невенка Трајкова со студент од класата на проф. Кирил Рибарски на IX Меѓународен натпревар „Даворин Јенко" - Белград *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 14.3.2011 г., Концертна сала ФМУ Штип: концерт со студентите од класата по флејта на проф. Златка Митева *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 28.11.2011 г., Концертна сала, ФМУ Штип: целовечерен камерен рецитал со Златка Митева - флејта и Невенка Трајкова - пијано *(види табела Научно-истражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
- 30.11.2011 г., Концерт дуо флејта и пијано, Златка Митева - флејта, Невенка Трајкова - пијано, Сала „Димитар Ненов" Софија, Бугарија *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
- 14.12.2011 г., Концертна сала, ФМУ Скопје: настап на свечен концерт по повод врачување на награди за истакнати музички педагози *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 15.05.2012 г., Концерт на студентите по флејта од класата на доц. м-р Златка Митева *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 13.7.2012 г., Концерт туба и пијано, Виктор Карапанџов и Невенка Трајкова - Кочани град на културата 2012 *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
- 30.8.2012 г., Концерт - Автобиографски портрети на македонски композитори Ване Аревски - флејта и Невенка Трајкова - пијано *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
- 11.10.2012 г., Концерт туба и пијано - Интерфест Битола 2012 *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*

- 17.5.2013 г., Безистен, Штип: концерт со студентите од ФМУ Штип *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 22.5.2013 г., Концертна сала, ФМУ Штип: концерт на студентите од класата по кларинет на Бранко Павловски *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 7.6.2013 г., Концерт флејта и пијано, настап на д-р Невенка Трајкова со студент по флејта на втор циклус студии при ФМУ - УГД *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6)*;
- 25.12.2013 г., Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел од ФМУ при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип 2013, настап на д-р Невенка Трајкова со студент од класата на проф. м-р Златка Митева *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 30.5.2014 г., Концертна сала, ФМУ Штип: концерт со Лазар Митев - хорна, класа на проф. Васил Докузов *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 1.7.2014 г., Концерт на Вокално-инструментален оддел, настап на Невенка Трајкова со студенти од ФМУ при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 3.7.2014 г., Концертна сала, ФМУ Штип: дипломски концерт на студентот Мартина Пашоска *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 11.7.2014 г., Концерт „Музички хоризонти" флејта и пијано Ване Аревски и Невенка Трајкова, Штипско културно лето 2014 *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);*
- 2.12.2014 г., Концертна сала, Музичка академија Штип: Дипломски испит на Елена Владимирова *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9)*;
- 7.11.2014 г., Центар за култура „Ацо Ѓорчев", Неготино: Свечен концерт со трио Грациозо *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности под ред. бр. 6)*.
- Д-р Невенка Трајкова учествува со усна презентација на сопствени трудови на три симпозиуми/конференции и тоа на:
- 2010 г., Интерпретацијата и комплементарноста како проблем во ансамбловото музицирање (на солистички инструмент со придружба на пијано), поставени од композиторските принципи и карактеристики на современите македонски композитори *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)*;
- 2011 г., Стојан Стојков: Неофолклорните толкувања на жанрот соната и сонатина во областа на камерното дуо *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)*;
- 2014 г., Своге, Бугарија со трудот „По случај на јубилејните годишнини на Дворжак, Сметана, Мартину, Владигеров, Пипков, Казанџиев" *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7)*;
- Д-р Невенка Трајкова има објавено 6 (шест) труда од областа на интерпретацијата на камерна музика и корепетиција во домашни и странски списанија, и тоа:
- Интерпретацијата и комплементарноста како проблеми во ансамблото музицирање, поставени од принципите и карактеристиките на современите македонски композитори, Скопје *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 5);*
- Неофолклорните толкувања на жанрот соната и сонатина во областа на камерното дуо *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 5);*

- Синтеза на додекафонија и модалност: Тенденции во камерното творештво на Гоце Гавриловски концептот на делото „CIRCLE“ *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 6);*
- Михайло Трандафиловски и неговият цикъл „Cekori” (Крачки) за цигулка и пиано *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 5);*
- Culture and Human Development Through Music Education: Specifics of the Interpretation and Complementariness in Chamber Musicianship, Characteristic for the Educational Development of Music Students *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 4)*;
- The Educational Process in Mastering and Developing Pianistic Technique through Performance of Modern Pieces for Intermediate and Advanced Level Students *(види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 4).*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На членовите на Комисијата за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од целокупната наведена документација и активностите на кандидатите, Рецензентската комисија донесе заклучок дека кандидатот доц. м-р Ангеле Михајловски во потполност ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно - научната уметничка област пијано на Музичката академија, наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Исто така кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Кандидатката д-р Невенка Трајкова, според доставената документација покажува голема концертна и забележлива научна активност, но сепак не ги остварува сите пропишани услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор според Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип како и табелата за избор на вонреден професор од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети.

**Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно - научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и да го избере кандидатот доц. м-р Ангеле Михајловски во звање вонреден професор за наставно - научната уметничка област пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Татјана Џорлева, вонреден професор - претседател;**
**Проф. д-р Милица Шкариќ, редовен професор - член;**
**Проф. д-р Емилија Потевска, вонреден професор - член.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА КАНДИДАТОТ ДОЦ. М-Р АНГЕЛЕ МИХАЈЛОВСКИ**
**(за периодот од јуни 2010 до декември 2014 г.)**

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 4. | Избор во звање доцент за периодот од 5.6.2010 г. до денес | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир (предавање на ЕПТА), музички настап на официјален концерт (12 целовечерни концерти) | 13 | 3 | | | 13x3= 39 |
| 7. | Секциско предавање на научен собир (меѓународен научен собир во Русија), 8 музички настапи на официјални групни концерти | 8 | 2 | 1 | 4 | 8x2=16 +4=20 |
| 8. | Музички настап на официјален концерт | 1 | 2 | | | 1x2=2 |
| 9. | 4 настапи на концерти во земјата | 4 | 1 | | | 4x1=4 |
| 19. | Член на организационен одбор на два фестивала | 2 | 1 | | | 2x1=2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **67** |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | во земјата | | |
|---|---|---|---|---|
| | | број | поени | вкупно |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (1 во домашен и 2 труда во меѓународни зборници) | 2x1=2 | 3x2= 6 | 8 |
| 15 | Техничко унапредување (ажурирање на веб-страницата на Музичката академија) | | 2 | 2 |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија<br>1. Член на Комисија за запишување на студенти на Музичка академија;<br>2. Член на Комисија за спроведување на попис на Музичка академија;<br>3. Член на Комисија за проверка на знаење за прием на нови студенти на Музичка академија;<br>4. Член на Комисија за признавање на испити на Музичка академија;<br>.5. Член/претседател на одбор за доверба и односи со јавноста на Музичка академија;<br>6. Член на Комисија за ментори на студенти од VI оддел | 6 | 2 | 6x2=12 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 29 | Член на институциски одбор, комисија (член на комисијата за екстерно проверување на постигањата на учениците по предметот Музичко) | 2 | 2 | 2x2=4 |
| | **ВКУПНО** | | | **26** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НО+НИ+САОР)** | | | **123** |

**Забелешка:** Сите стручно - уметнички активности пред изборот во звање доцент на 5 јуни 2010 г. на кандидатот доц. м-р Ангеле Михајловски се наведени во рецензијата објавена на 17 мај 2010 г. во Универзитетскиот билтен бр. 40. Според нив до 5 јуни 2010 доц. м-р Ангеле Михајловски има реализирано 11 целовечерни концерти во земјава (11x3=33 поени), 16 заеднички концерти во земјава (16x2=32 поени) и е добитник на три награди за уметнички постигнувања (3x5=15 поени). Кога овие поени (вкупно 80) и тогашните поени од табелата САОР (вкупно 12) би се собрале заедно со поените наведени во овој извештај за периодот од јуни 2010 г. до денес, кандидатот доц. м-р Ангеле Михајловски има кумулативно остварено **215 поени**.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ ЗА КАНДИДАТКАТА Д-Р НЕВЕНКА ТРАЈКОВА

| **Ред. бр.** | **НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | | **во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **вкупно** |
| | Според табелата ОВ.06.37 никаде не се наведени поени за лицето кое има статус на уметнички соработник, односно корепетитор (лаборант) | | | | | **0** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **0** |

| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | Поени во земјата | во странство |
|---|---|---|---|
| 4. | Два труда објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/ останати) | | 6x2=12 |
| 6. | Музички настап на официјален концерт (целовечерен концерт) | 14x3=42 | 6x6=36 |
| 7. | Секциско предавање на научен музички собир (2 во Струга и 1 во Бугарија), Музички настап на официјален концерт (полурецитал) | 2x2=4 | 1x4=4 |
| 8. | Музички настап на официјален концерт (настапи на групни концерти) | 2x2=4 | |
| 9. | Концерт во земјава и во странство (настапи на студентски групни концерти) | 19x1=19 | 2x1,5=3 |
| 10. | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 11. | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| 18. | Претседател на организациониот одбор на Арт фестивал „Езерски бисери" (2011 и 2012) | 2x2=4 | |
| 19. | Член на организационен одбор, фестивал (уметнички директор на „Дојрана") | 1 | |
| 21. | Награди – признанија за уметнички постигнувања, сценско-музички награда (две државни награди во Скопје, една на „Езерски бисери" во Струга и една на Фестивал „Дојрана") | 4x5=20 | |
| 22. | Студиски престој во странство | | 8 |
| | | **вкупно** | **169** |

| Ред. број | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени во земјата | во странство |
|---|---|---|---|
| 5. | Труд во стручно списание (Музика, Скопје и Музикални хоризонти, Бугарија ) | 2x2=4 | 1x6=6 |
| 6. | Стручен труд објавен во зборник | 2 | |
| | | **вкупно** | **12** |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НО+НИ+САОР)** | | | **181** |